ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ
07 Бр. 43/36
1-06 2010 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 4427/2
31.05. 2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2005 и 110/2008) и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/08) , постапувајќи по барањето бр.25-4427/1 од 20.05.2010 година, на правното лице „**ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ (ЦИРКО)**" - Скопје, министерот за економија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исполнетост на условите за вршење на**
**технички прегледи и периодични испитувања**

1. Правното лице „**ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ (ЦИРКО)**" – Скопје ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема под притисок согласно член 2 став 1, точка 1.а), 1.б), 1.в), 1.г) и 1.д) од Правилникот за користење на опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр 32/09).

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Правното лице „**ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ (ЦИРКО)**"–Скопје, до Министерството за економија – Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање бр.18-778/1 од 18.05.2010 година, за донесување на решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема под притисок , наведена во член 5 од Законот за техничката инспекција.

Директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција со допис бр. 25 - 4427/1 од 20.05.2010 година го извести Министерството за економија дека правното лице „**ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ (ЦИРКО)**" – Скопје, ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема под притисок согласно членовите 20 и 21 од Законот за техничка инспекција. Врз основа на Известувањето од Државниот инспекторат за техничка инспекција за исполнетоста на условите на правното лице за вршење на технички прегледи и периодични испитувања бр.18-778/2 од 20.05.2010 година, решението за упис во трговскиот регистар, склучениот договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања, доказот дека правното лице не е осудено за кривично дело што го прави неподобно за вршење на дејноста, доказот за позитивен бонитет, доказот за вработеност на стручниот кадар, доказот дека не му е изречено забрана за вршење на дејност, и Сертификатот за акредитација Бр.ИТ – 027 од 18.05.2010 година, издаден од Институт за акредитација на Република Македонија, се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова Решение.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР,**
**Фатмир Бесими**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
**- подносител на барањето**
**- ДИТИ**
**- архива**